# ПОЛИТИКА

Менаџментот на Макстил АД-Скопје во процесот на производство на челик во слабови и топло валан лим се заложува за постојано подобрување на Животната Средина и спречување на загадувањето.

Макстил АД-Скопје се обврзува да управува со заштитата на животната средина и заштитата при работа. Со ова се дава сигурност дека во Макстил АД-Скопје заштитата на здравјето на работниците, сигурноста во работната средина и животната средина ќе бидат интегрирани во сите процеси во секое време и на секое место.

## СООБРАЗНОСТ

Макстил доследно ќе ги почитува законските регулативи применливи за активностите и локацијата како задача на сите вработени. Преку воведувањето и одржувањето на Менаџмент Системот за управување со животната средина ќе ги проверува и следи поставените цели и задачи и постојано ќе се подобрува.

Стандардите и нормативите содржани во овие закони ќе бидат основа за изготвување на: упатствата за безбедна работа, упатствата за создавање на чиста работна и животна средина, програмите за обучување и оспособување на вработените за извршување на работите и работните задачи, превентивните здравствени прегледи на работниците, водењето на евиденција за настанатите инциденти и други активности од овие области.

Ќе ги почитуваме обврските што произлегуваат од Корпоративната Општествена Одговорност.

## ПРЕВЕНЦИЈА

Макстил АД-Скопје ќе спроведе менаџмент систем со превентивните мерки за заштита во процесот на работа, заради заштита на здравјето, безбедноста на вработените и заштита на животната средина.

Ризикот од повреди при работа и професионалните заболувања ќе го сведе на минимум, со воведување на оперативни процедури за стручно и безбедно водење на технолошките процеси.

Со превземените мерки и активности ќе ги намали опасностите и штетностите во работната средина и присуството на штетни материи во животната средина (воздух, вода и почва).

Вработените од компаниите што изведуваат работи во погоните на Макстил АД-Скопје задолжително ќе бидат информирани за условите, опасностите и штетностите во работната средина.

## ПОДОБРУВАЊЕ

Макстил АД-Скопје се обврзува континуирано да го следи спроведувањето на пропишаните мерки и активности за заштита при работа и чиста работна и животна средина, да ги прати новите техничко-технолошки достигнувања и истите да ги имплементира во постојните процедури за обезбедување на поголема сигурност во работењето и заштитата на животната средина и природата.

***ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР***
***АЛЕКСАНДАР ПАНОВ***